Врз основа на Стратегијата за развој на волонтерството во општина Битола 2023-2026 и Акцискиот план за развој на волонтерството 2023-2026, а во соработка со Локалниот Совет за волонтерство, Општина Битола објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за доделување на финансиски средства од Буџетот на Општина Битола за реализација на активности од акцискиот план за развој на волонтерството за организирање на волонтерски акции**

**1.Вовед**

Овој повик се однесува на доделување на финансиски средства од Буџетот на Општина Битола на реализација на активности од акцискиот план за развој на волонтерството, за организирање на волонтерски акции, а во насока на остварување на заложбите на Општина Битола за поддршка на граѓанските организации во промоцијата и поттикнувањето на активизмот на граѓаните и нивната поголема вклученост во активности од суштествено значење за локалната заедница, како што е волонтирањето и општествената одговорност.

**2.Волонтерските акции** може да се реализираат на отворен или затворен јавен простор (училишта, градински, детски игралишта, плоштади, паркови и сл.) и вклучуваат граѓани од различни целни групи (пол, возраст, етнички и социјални групи, професии и сл.). Идеи за волонтерски акции: расчистување, садење дрвја и зеленило, разубавување на јавни простори, цртање на мурали, изработка на клупи/маси од палети, средување на училишни дворови, бојадисување на огради, вело паркинзи, канти за отпадоци, поправки и бојадисување на клупи, детски реквизити во паркови и сл.

*Напомена: за сите волонтерски акции треба да се обезбеди дозвола од одговорните за јавниот простор/опрема.

**3. Бодирани критериуми за аплицирање** (Максимум 100 бодови)

3.1.Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите се:

3.1.1. Да се регистрирани согласно Закон за здруженија и фондации („Службен весник на бр.52/10, 135/11 и 55/16) и

3.1.2. Да имаат седиште во Општина Битола

3.2. Посебни проектни критериуми врз основа на кои ќе се врши проценка на квалитетот на проеките на здруженијата и фондациите се:

3.2.1. Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство од областа на волонтерство и општествената одговорност). **30**.

3.2.2. Опис на акција/проект (цели, резултати, апивности, пристап). **30**.

3.2.3. Ефекти во локалната средина (влијание врз целни групи, одржливост).**20.**

3.2.4. Буџет (соодветно изразени активности во буџетот и оправданост на трошоците). **20.**

*За да биде квалификувана за финансиска поддршка, апликацијата мора да освои најмалку 50 бодови.

**4. Временската рамка** за спроведување на волонтерските акции е до 31 декември 2023 година

**5. Висината на финансиските средства** кои ќе се доделат за организација за волонтерска акција изнесува најмногу до 15.000 денари.

*Доколку има повеќе исти или слични апликации за волонтерски акции Локалниот Совет за волонтерство може да препорача на одредени апликанти заемна соработка со други апликанти.

**6.Поднесок на апликации**

6.1.Здруженијата и фондациите имаат право да поднесат една апликација за финансиска поддршка што може да биде одобрена од Комисијата за финансии и буџет.

6.2.Повеќе здруженија може да аплицираат заеднички со една волонтерска акција.

*На повикот може да учествуваат и училишта, граѓански иницијативи и други неформални групи кои ќе поднесат апликации во партнерство со здружение или фондација.

**7.Потребна документација за пријавување:**

7.1.Пополнет Образец пријава и предлог проект (достапен на веб страната и шалтерите во Општина Битола).

* Доколку предлог проектот е поднесен од коалиција на здруженија или друг вид на партнерство, истото треба да се наведе во апликацијата и завери со потпис и печат.

7.2.Тековна состојба од Централен регистар на РМ (може и копија) не постара од 6 (шест) месеци.

7.3.Документацијата се доставува до Општина Битола - Одделение за јавни дејности, Булевар „1-ви Мај" бр.61, во рок од 15 дена од денот на објавување на овој повик (не сметајќи го денот на објавувањето) заклучно со 31.10.2023

8. **Користење на доделените средства**

8.1.Начинот на користење на финансиските средства ќе биде специфициран во договорот кој ќе биде склучен помеѓу здружението/фондацијата и општина Битола

8.2.Локалниот Совет за волонтерство го следи наменското трошење на доделените средства.

Бр.41-301/1 — Градоначалник

16.10.2023 — Тони Коњановски